Вечер 24 август 2007

МОБ ВО БРАЗИЛ



# Соработката со Cacau Brasil продолжува

Балетски уметници од МОБ деновиве се вратија од Бразил каде престојуваа како специјални гости на концертот на популарната бразилска група „Цацау Брасил„. Заедничкиот настап се случи на 16 август во театарот „Драгао до Мар„ во Форалеза. Костимите специјално за настапот, прв на уметници од МОБ во Бразил, ги креираше еден од најпознатите тамошни дизајнери Вила Вентура. Според реакциите на публиката и тамошните медиумите постои голем интерес за продолжување и продлабочување на соработката, па токму заради тоа и во знак на благодарност градоначалничката на градот Акеираз, Рителза Кабрал на гостите од Македонија им подари специјална статутетка, симбол на градот. Од концертот наскоро, според првиот човек на продуцентската куќа „Трето уво" Иво Јанкоски, во чија организација и се случи гостувањето, ќе се појави ДВД издание каде во посебен фолдер ќе биде презентирана соработката со Цацау Брасил.

Покрај членовите на МОБ како гости на концертот уште се појавија и големата бразилска легенда Алцеу Валнеца, пејачот Флавио Вентурини и група од Сенегал.■ (А.Т.)